АРХИВА МАКЕДОН... СКОПЈЕ

1436

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Твојата тешка трогодишна народно-ослободителна борба против фашистите окупатори се круниса со голем и славен успех:

На 2 август оваа година - на Илинден - во историскиот манастир Св.Прохор Пчињски, се одржа првото заседание на Антифашистото собрание на народното ослободување на Македонија, кое прокламира слободна и равноправна федерална држава Македонија во слободна, демократска и федеративна Југославија. 122 претставители од сите краишта на Македонија, кои во најтешките денови на фашистото робство ја докажаа својата верност на твоето народно-ослободително дело, беја полноправни и вистински толкователи на твојата суверена волја. Жртвите, кои ги даде во денешната борба против германо-бугарските окупатори и макиите кои ги преживе под црното фашисто иго искупени са. Идеалите на твоите илинденски првоборци Гоце Делчев, Борче Петров, Санданаски и други остварени са.

Оживотворувајќи ги историските одлуки на II-то заседание на Антифашистото вијќе на народното ослободување на Југославија од 29 ноември 1943 година, со кои македонскиот народ беше признат како слободен и равноправен со другите народи во Југославија а Македонија како слободна, равноправна, федерална единица во демократска и федеративна Југославија Антифашистото собрание на народното ослободување на Македонија се конституира во врховно, законодавно и извршно претставителство на македонскиот народ.

Изградени од коските на илјадници твои најдрни синови и кќерки, цементирани со скапата крв на своите првоборци Орце Николов, Кузман Јосифовски, Страшо Пинџур, Цветан Димов, Мирче Ацев и други, се удрија неразрушливите темели на македонската држава.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Твојата најголема придобивка во досегашната борба против фашистите окупатори - Антифашистото собрание на народното ослободување на Македонија - беше постигната благодарејќи на твојата цврста волја, да, на поканата од Комунистичката партија на Југославија за борба против фашистите окупатори, се лигнеш на вооружена борба против германо-бугарските завојеватели и нивните домашни слуги. Она беше овозможена и затоа, што ти до тајо борба стоеше рамо по рамо со братските народи на Југославија, без чија борба и помоќ твоите усилија ќе беја осамени и како некогаш пропаднати. Ти можеше да го оствариш твоето право Антифашистото собрание на народното ослободување на Македонија затоа, што во борбата против фашистите окупатори успеја да основеш и изградиш своја Народно-ослободителна војска на Македонија, која на дело, со оружје, ја покажа твојата волја за изгонување на окупаторите од македонската земја, волја за слободен живот со слободните народи на Југославија. Твоето Антифашистото собрание на народното ослободување на Македонија можеше да ти стане највистина твое право претставителство и затоа, што ти низ борбата против фашистите окупатори ги соедини своите родољубиви сили и го оствари народното единство во цврст народно-ослободителен фронт.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Во својата трогодишна народно-ослободителна борба ти го оствари своето единство, својата војска, ги удри темелите на федерална македонска држава. Со учеството на целокупниот македонски народ против фашистите окупатори во Југославија, Бугарија и Грција, ќе оствариш и соединението на сите краишта на Македонија, разделени од страна на балканските империјалисти 1913 и 1918 година. Атлантската повеља и договорот во Техеран, во лицето на големите сили Англија, Советскиот Сојуз и Америка ти гарантират правото на самоопределување, спечалено низ борбата против германските окупатори и нивните слуги.

А во сакањето за полно соединение на македонскиот народ денес зад тебе стојат и сите останали народи на Југославија, стои Антифашистото Собрание на народното ослободување на Југославија и јуначката Народно - ослободителна војска на Југославија.

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

1436

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Во деновите, кога црните фашиски канџи на Хитлерова Германија се фаја околу народите на Југославија за да ги здробат и избришат од земјиното лице, Комунистичката партија на Југославија, верна на својата предадена и безрезервна служба на народот, ги повика сите народи на Југославија на општонародна борба против фашистите окупатори а за слобода и национална независимост. Она застана на чело на таја борба, внесе во неја својот драгоцен борбен оган, ги прати во најжестокиот оган на борбата своје најдобрите членови, даде илјадници скапи жертви и стана организатор и раководител на славната народно-ослободителна борба на народите на Југославија. Под нејзин то херојско знаме народите на Југославија ја остварија новата, слободна, демократска и федеративна Југославија.

Комунистичката партија на Македонија, која е во состав на јуначката Комунистичка партија на Југославија на чело со Тито, беше од првите денови организатор и раководител на борбата, што нашиот народ ја поведе против големо-бугарските окупатори и нивните берлински господари. Нашата Комунистичка партија на Македонија стално му го покажуваше на македонскиот народ правиот и единиот пат за извојување национална слобода и равноправие. Прилагајќи ги од себе сите сили, давајќи скапи жертви во таја неравна борба, Комунистичката партија на Македонија си го извршн својот долг кон македонскиот народ.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Радоста која ја доживеавме на овогодишниот Илинден, остварувајќи го првото македонско Народно собрание е голема. Ама она е толку јака и затоа, што овие денови победоносната Црвена армија несадрживо напредуе кон Берлин - за да забоде домастителниот, нож на крвнот праведниот нож во срцето на фашистата крваза звер и да објави на цел свет, дека незините штикови нема повеќе да допуштат одново да дигне глава проклетото Хитлерово племе. Сојузничките англо-американски војски превземаат се пошироки и јајаки офанзиви во Италија и Франција, марширајќи убрзано кон границите на Хитлерова Германија. Заедно со победоносните советско-англо-американски војски и нашата јуначка Народно-ослободителна војска на Југославија одпочнува последна офанзива за ослободување на нашата славна татковина - демократска и федеративна Југославија.

Се наоѓаме пред блискиот свршеток на војната во Европа, пред блиската победа над фашизмот, пред блиската слобода на сите поробени народи.

Во тие судбоносни моменти македонскиот народ мора да биде на својот пост. Повеќе од секогаш, македонскиот народ треба да знае оти неговата иднина, колку и да е свързана со докончувањето на битката, која ја водат големите народи, толку исто е свързана и со неговото сопствено участие во таја борба, со неговите сопствени снаги, кои ги внесува во неја. Старите крвници на македонскиот народ Ванчо Михајлов и Станишев, а поред ниф и Чкатров, Вузелов и Китинчев коват злодејска завера против македонскиот народ, неговата народно-ослободителна борба и тешко спечелените придобивки во таја борба. Гледајќи ја скоратa пропаст на фашиска Бугарија, они се готват да со помопта на германската војска и некакви свои вооружени јадра-од кои есапат да организират војни единици-ја превземат власта во Македонија во свои крвави раце. Злоупотребувајќи ги праведните сакања на македонскиот народ за слободен и самостален живот, они му токмат "автономија" и "независимост", подобно на несреќната Павелићева Хрватска. И Недиќ со своите издајнички четнички банди се токми да ја превземе власта во Македонија. За есап на Хитлер он сака однозо да го спрегне македонскиот народ во големосрпско ропство.

За да би ги избегнал бескорисните жертви, македонскиот народ мора да ги земе уште веднаш сите мерки, како би оневозможил на тија издајнички банди пак да го фрлат во нови страдања и потреси.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

РОДОЉУБИ И РОДОЉУБКИ НА ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА!

Имајќи ги пред очите новите перспективи, кои пред македонскиот народ се отворуваат со создавањето на Антифашиското собрание на народното ослободување на Македонија и изградувањето на македонска држава, како и застрашеноста од нови провокации према народно-ослободителното дело на нашиот народ, Комунистичката партија на Македонија во овие судбоносни моменти кога се решава судбата на целиот свет-се обраќа до својот народ и му ги покажува задачите кои стојат пред него.

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1436

Македонскиот народ ТРЕБЕ БЕЗ ДРУГО И ВЕДНАШ да го спроведе до крај и што повеќе го зацврсти своето единство, собирајќи се целиот во одборите на народно-ослободителниот фронт на Македонија. Народно-ослободителниот фронт на Македонија е масовна политичка организација на целиот македонски народ, без оглед на вера, народност и политичка припадност. Во одборите на народно-ослободителниот фронт на Македонија, по сите села и градови низ Македонија, треба да се собераат сите чесни и родољуби и родољубки од сите демократски партии и групи, како и тие, кои са надвор од политички партии. Народно-ослободителниот фронт на Македонија треба да стане цврста поткрепа на нашата нова држава, на нашата народно-демократска власт, на која со сигурност ќе се опре нашето прво Антифашиско собрание на народното ослободување на Македонија.

Ете првата задача, за чие исполнение не треба да жалиме ни сили ни жертви.

Македонскиот народ ТРЕБЕ БЕЗ ДРУГО И ВЕДНАШ да ги мобилизира сите свои сили за Народно-ослободителната војска на Македонија, да ги стостручи сголеми нејзините редови, да ја разрасне во НОВЈ И ПОЗНАТА. Македонската држава треба да има силна народно-ослободителна војска, која ќе го изгони окупаторот и ќе ги сочува како скапо платените придобивки на нејзината борба.

Ете втората задача, за чие исполнение не треба да жалиме ни сили ни жертви.

Македонскиот народ ТРЕБЕ БЕЗ ДРУГО И ВЕДНАШ да ги впрегне сите сили за изградување на НАРОДНО-ДЕМОКРАТСКАТА ВЛАСТ во цела Македонија. Народно-ослободителните одбори, органите на народно-демократската власт, на нашата држава, треба да никнат по сите села и градови на ослободени и наскоро ослободени краишта на Македонија.

Ете третата задача, за чие исполнение не треба да жалиме ни сили ни жертви.

РАБОТНИЦИ И СЕЛАНИ!

Од првите денови на народно-ослободителната борба на македонскиот народ вие стоевте во нејзините први редови и дадовте во неја скапи жертви. Со тоа вие го постигнавте правото да вашите истински претставители-работници и селани-ве застапуваат во македонското Народно собрание и вимат раководни места. Тука е гаранцијата дека во новата македонска држава вие и вашите деца ќе живеете слободен и поарен живот.

Комунистичката партија на Македонија ве повикува да уште посмело ја закрепнете народно-ослободителната борба-да ги дадете сите свои сили за изградувањето на првата национална македонска држава.

ЧЕСНА МАКЕДОНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈО!

Новата македонска држава чека на твоите делотворни раце. Комунистичката партија на Македонија те повикува да ги дадеш сите свои знаења и способности за доброто и благото на нашата прва суверена Македонија. Уште посмело пристапи во борбата и биди горда што можеш да учествуваш во изградувањето на првата след Самуила македонска држава.

МАКЕДОНСКА МЛАДИНО!

Твоето одушевление и пожертвуваност те направија најснажен опорак на народно-ослободителната борба, смел и вреден градител на идните на слободна Македонија. Комунистичката партија на Македонија те повикува да ги собереш уште појако своите редови и со младински полет да вечеш участие во последен бој и во изградувањето на македонската држава, во која се остварувајт твоите идеали за среќен и рамноправен младински живот.

МАКЕДОНСКИ МАЈКИ, ЖЕНИ И СЕСТРИ!

Вековната општествена обесправеност на жената укината е во новата македонска држава. Комунистичката партија на Македонија ве повикува уште посмело да земете участие во народно-ослободителната борба-во изградувањето на суверена Македонија, среќна татковина на сите македонски жени.

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

1436

АЛБАНЦИ, ТУРЦИ, ВЛАСИ И ЕВРЕИ!

Новата македонска држава е и ваша држава. Она е изградена на принципите на братството меѓу сите народности кои живеат на македонската земја. Во нејзините темели е сочувано борбеното единство, исковано меѓу вас и македонците во денешната народно-ослободителна борба против фашистичките окупатори. Но за таа вам нова татковина-македонската држава во демократска и федеративна Југославија-вие треба уште многу да допринесете. Во прв ред вие не смеете да дозволите на фашистичките окупатори да ве прават дејати меѓу вашите браќа кои веќе три години лејат крв за своја и ваша слобода.

Стекнувајте во Народно-ослободителната војска на Македонија, која е ваша војска. Знајте дека колку денес се борите, толку утре ќе имате права. Народот во Македонија за сето утре ќе прашка каде бил и кому служил.

ВОЈНИЦИ НА НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈСКА НА МАКЕДОНИЈА!

ПАРТИЗАНИ! БОРЦИ, ОФИЦЕРИ И ПОЛИТИЧКИ КОМЕСАРИ!

Со вашата крв беше ослободена и чувана македонската земја, на која се одржа нашето прво Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија. Со вашата крв таја слободна македонска земја се раширува секидневно и овозможува на народно-демократската власт да ја изградува првата македонска држава.

Комунистичката партија на Македонија ве повикува на уште појако и посмело удрите по фашистите окупатори; да, борејќи се низ Македонија ги разрастете своите бригади во дивизии и корпуси; да појдете во последен, одлучен бој за ослободување на Македонија.

КОМУНИСТИ ВО МАКЕДОНИЈА!

Држите го и натаму високо славното знаме на Комунистичката партија на Југославија! Како што бевте први во извојувањето на денешните придобивки на народно-ослободителната борба на македонскиот народ, така исто бидете први и во сочувањето на тие придобивки-во изградувањето на слободната, федерална држава Македонија во демократска и федеративна Југославија!

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Пред три години ти го почна власта на Комунистичката партија на Југославија и стави во одлучна борба против фашистите окупатори. Оповестувајќи ти го сторувањето на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, Комунистичката партија на Македонија те повикува да смело тргнеш кон остварувањето на денешните задачи, кои стојат пред тебе.

Нека НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ НА МАКЕДОНИЈА преку своите одбори израсне во моќен фронт на соединетиот македонски народ!

Нека пушките на МАКЕДОНСКИТЕ ДИВИЗИИ И КОРПУСИ уште утре згрмат низ цела Македонија - за да ја ослободат и сочуваат новата, слободната, федералната македонска држава!

Нека НАРОДНО-ДЕМОКРАТСКАТА ВЛАСТ, ВЛАСТА НА НОВАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА се раширн низ цела Македонија-за да ги покаже пред целиот македонски народ благодетите на новата суверена власт на Македонија!

ДА Е ЖИВА СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА!

ДА Е ЖИВО ПРВОТО АНТИФАШИСТИЧКО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА!

ДА Е ЖИВО БОРБЕНОТО БРАТСТВО НА СИТЕ НАРОДИ НА ЈУГОСЛАВИЈА!

ДА Е ЖИВА НАШАТА СЛАВНА КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА!

ДА Е ЖИВ ГЕНИЈАЛНИОТ СТРАТЕГ НА НАШАТА ПАРТИЈА ЈОСИП БРОЗ ТИТО!

ДА Е ЖИВА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА!

ДА Е ЖИВ НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ НА МАКЕДОНИЈА!

ДА Е ЖИВА НАШАТА ЈУНАЧКА НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА НА МАКЕДОНИЈА!

4 август 1944 година

ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ
НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА